Neni 47

(1) Subjektet afariste që i plotësojnë kushtet për ndarjen e mbështetjes financiare në përputhje me këtë ligj, për vitin 2021, mund të parashtrojnë kërkesë në përputhje me nenin 33 të këtij ligji me të cilin ndryshohet neni 37 paragrafi (1) deri më 16 gusht të vitit 2021.

(2) Subjektet afariste që i plotësojnë kushtet për ndarjen e mbështetjes financiare në përputhje me këtë ligj, për vitin 2021, mund të parashtrojnë kërkesë në përputhje me nenin 37 të këtij ligji me të cilin ndryshohet neni 40-a paragrafi (3) deri më 16 gusht të vitit 2021, ndërsa aneksi i marrëveshjes të nenit 37 me të cilin ndryshon neni 40-a paragrafi (8) mund të ndodhë jo më vonë se 14 tetor të vitit 2021.

(3) Subjektet afariste që i plotësojnë kushtet për ndarjen e mbështetjes financiare në përputhje me këtë ligj, për vitin 2021, mund të parashtrojnë kërkesë në përputhje me nenin 40 të këtij ligji me të cilin ndryshohet neni 43 paragrafi (1) deri më 15 nëntor të vitit 2021.

(4) Subjektet afariste që i plotësojnë kushtet për ndarjen e mbështetjes financiare në përputhje me këtë ligj, për vitin 2021, mund të parashtrojnë kërkesë në përputhje me nenin 41 të këtij ligji me të cilin ndryshohet neni 43-a deri më 15 nëntor të vitit 2021.

Neni 48

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen brenda 30 ditëve nga hyrja në fuqi të këtij ligji.

Neni 49

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2980.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јули 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/17), во член 2 зборовите „осум члена“ се заменуваат со зборот „членови“.

Во точка а) алинејата 1 зборовите „Мила Царовска“ и запирката се бришат.

Точката б) се менува и гласи:

„б) членови:

- министер за финансии,
- заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции,
- министер за економија,
- претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување,
- директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
- претседател на Управен одбор на пензиско друштво во Република Северна Македонија.

Член 2

Во член 7 зборовите „Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Владата на Република Северна Македонија“, а зборовите „на секои три месеци“ се заменуваат со зборовите „еднаш годишно“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-6522/1 | Претседател на Владата |
| 27 јули 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**2981.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јули 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО ФРСТ МЕДИКАЛ КАНАБИС УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ БИТОЛА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ФРСТ МЕДИКАЛ КАНАБИС увоз-извоз ДООЕЛ Битола, број 19-648/7 од 27.7.2021 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-6549/1 | Претседател на Владата |
| 27 јули 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |